Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 2016 2017

Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 и 2017

Скопје, 2018

В.Д. ДИРЕКТОР Асс. д-р Шабан МЕМЕТИ

**Сектор за промоција, анализа и следење на незаразни болести**

*Проф. д-р Елена Ќосевска* — Раководител на Секторот, Специјалист по социјална медицина

**Изготвувачи:**

*Прим. д-р Весна Стамболиева* — Началник на одделение, Специјалист по социјална медицина

**Техничка подготовка:**

*Сузана Дунѓевска*
*Борче Андоновски*


CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-052:614.21(497.7)"2016/17"(047)

АНАЛИЗА на болничкиот морбидитет во Република Македонија : 2016 и 2017 / [изготвувач Весна Стамболиева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. - 88 стр. : граф. прикази ; 30 см

Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-235-058-5

а) Болнички морбидитет - Македонија - 2016-2017 - Извештаи
COBISS.MK-ID 109245962

# Содржина


## ВОВЕД 7

Општи карактеристики на болничката дејност ..... 7
Методологија на изработка ..... 8

## ОПШТ ДЕЛ 9

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 И 2017 ГОДИНА ..... 11

1. Болнички морбидитет во Р.Македонија во 2016 и 2017 година ..... 11
2. Состојби и трендови во 2017 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2016 година ..... 11
3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи ..... 18
4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат ..... 20

## СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ 21

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 И 2017 ГОДИНА ..... 23

I група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ ..... 23
II. група : НЕОПЛАЗМИ ..... 24
III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ ..... 25
IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ ..... 26
V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ ..... 27
VI. група: БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ ..... 28
VII. група: БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ ..... 29
VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК ..... 30
IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ ..... 31
X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ ..... 32
XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ ..... 33
XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО ..... 34
XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО ..... 35
XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ ..... 36
XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ ..... 37
XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД ..... 38
XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ ..... 39
XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО ..... 40
XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ ..... 41
XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ ..... 42

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 43

ПРЕПОРАКИ ..... 44

## ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 45

# ВОВЕД

Анализата на болничкиот морбидитет во Република Македонија за 2016 и 2017 година е изготвена согласно Националната програма за јавно здравје на Република Македонија за 2018 година и Планот и Програмата за работа на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје за 2018 година.

**Општи карактеристики на болничката дејност**

Болничката дејност претставува важен дел на целокупниот здравствен систем преку кој се обезбедува стационарна здравствена заштита на населението. Со овој вид на здравствена заштита се опфаќаат болните кои не можат да се згрижат преку пружање на амбулантно-поликлиничка здравствена заштита.

Основната функција на болничко-стационарната дејност е да обезбедува дијагностицирање, лекување, рехабилитација, болничка нега и третман на болните, но и да обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новороденчиња во стационарни услови.

Болничката дејност, покрај оваа основна функција, се карактеризира и со присуство и работа на високо-стручни кадри, со примена на најсовремена медицинска опрема со висока технологија. Стационарните установи, од терциерно ниво, се и едукативна база за стручно оспособување и усовршување на здравствените работници и соработници од сите профили, како и институции во кои се спроведува научно-истражувачка дејност.

Прикажани се показатели за развиеноста и функционалната активност на болничко-стационарната дејност, како посебно ниво на здравствена заштита. Морбидитетот е индикатор кој ги прикажува интензитетот, оптовареноста и честотата на појавата на болестите, односно хоспитално лекуваните на одредено подрачје.

Болничкиот морбидитет учествува во отсликувањето на патологијата на населението, овозможувајќи меѓудругото и предвидување на трендовите во наредниот период.

## Методологија на изработка

Како основен изворен материјал користен е индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице од болничко-статистички материјал за 2016 и 2017 година, кој се прибира од сите болнички установи, се обработува во центрите за јавно здравје и се доставува во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ - Скопје.
Како дополнителен материјал, користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија кои се однесуваат на демографските карактеристики на населението во Р. Македонија.

Прикажани се следните состојби и параметри:

- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување и стапки на морбидитет на 10000 жители, по групи на болести, вкупно за Републиката, 2016 и 2017 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување по здравствени организации, вкупно за Републиката, 2016 и 2017 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување според центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат, 2016 и 2017 г.

# ОПШТ ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 И 2017 ГОДИНА

## 1. Болнички морбидитет во Р.Македонија во 2016 и 2017 година

Во 2017 година во болничко-стационарните организации во Р. Македонија вкупно се лекувани 262 099 болни или 1263.4 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 2 529 790 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 9.7 дена.
Табела 2 и 6

Во 2016 година во болничко-стационарните организации во Р. Македонија вкупно се лекувани 257 265 болни или 1242.7 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 1 944 767 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 7.6 дена.

Табела 1 и 6

| Година | 2016 | 2017 |
|---|---|---|
| Број на лекувани болни | 257 265 | 262 099 |
| Мб/10 000 жители | 1242.7 | 1263.4 |
| Број на болнички денови | 1 944 767 | 2 529 790 |
| Просечно траење на лекување | 7.6 | 9.7 |

## 2. Состојби и трендови во 2017 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2016 година

Во 2017 во однос на 2016 година се бележи:

2.1 ***зголемување на бројот на лекуваните болни*** во болничко- стационарните организации во 2017 во однос на 2016г за 1.9%

Табела 3, дијаграм 1

2.2. ***зголемување на Мб/10 000 жители*** во 2017 во однос на 2016г за 1.7%, од 1242.7 во 2016 на 1263.4 во 2017г

Табела 6, дијаграми 4 и 5

2.3. ***зголемување на бројот на остварените болнички денови*** за 30.1% во 2017 во споредба со 2016 г.

Табела 4, дијаграм 6

2.4. ***зголемување на просечното траење на лекување*** во 2017 г. на 9.7 од 7.6 дена во 2016 година

Табели 1 и 2, дијаграми 9,10 и 11

2.1.1. **Зголемување на бројот на лекуваните болни** во болничко-стационарната дејност во 2017во однос на 2016 година за 1.9% и тоа кај следните групи на болести:

- неоплазми за 2,8%;
- болести на крвта и крвотворните органи за 0,5%;
- ендокрини,нутритивни и метаболични болести за 1.4%;
- болести на увото за 51,2%;
- болести на циркулаторниот систем за 12,9%
- болести на дигестивен систем за 10,5%.
- болести на генитоуринарниот систем за 0,8% и
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 0,3%.

Кај следните групи на болести се забележува **намалување на бројот на лекуваните болни:**

- одредени инфективни и паразитски болести за 13%;
- душевни растројства за 6,7%;
- болести на нервниот систем за 3%;
- болести на окото и на аднексите за 15,8%;
- болести на респираторниот систем за 7,7%;
- болести на кожата за 10%;
- болести на мускулноскелетен систем за 2,9;
- одредени состојби во перинатален период за17,1% и
- конгенитални малформации за 13,2%.

Табела 3, дијаграми 2 и 3

Дијаграм 1




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 2




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 3




Извор: ИЈЗ на РМ

2.2 ***зголемување на Мб/10 000 жители*** во 2017во однос на 2016г за 1,7%, од 1242.7 болни на 10000 жители во 2016 на 1263.4 во 2017 година и тоа кај следните групи на болести:

- неоплазмите од 136,4% на 139,9%оо;
- ендокрини болести од 25,8%оо на 26,1%оо;
- болести на крвта и крвотвор. органи од 19%оо на 20,8%оо;
- \- болести на увото од 8,7%оо на 13,1%оо;

- болести на циркулаторниот с-ем од 162,8%oo на 183,4%oo;
- болести на дигестивниот систем од 107,4%oo на 118,4%oo
- болести на генитоуринарен систем од123,5%oo на 124,3%oo;
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини од 62,8%oo на 62,9%oo.

Кај следните групи на болести се забележува **намалување на стапката на морбидитето**т, и тоа кај:

- одредени инфективни и паразитски болести од 28,9%oo на 25,1%oo;
- душевни растројства од 30%oo на 27,9%oo;
- болести на нервниот систем од 24,2%oo на 23,4%oo;
- болести на окото и на аднексите од 39,9%oo на 33,5%oo;
- болести на респираторниот систем од 212,1%oo на 195,4%oo;
- болести на кожата од 24,1%oo на 21,7%oo;
- болести на мускулноскелетен систем од 53,7%oo на 52,1%oo;
- состојби во перинаталниот период од 403,4%oo на 348,8%oo
- конгенитални малформации од 10,6%oo на 9,2%oo.

Табела 6, дијаграм 4 и 5

Дијаграм 4




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 5




Извор: ИЈЗ на РМ

2.3.1. ***Зголемување на бројот на остварените болнички денови за 30.1% во 2017 во споредба со 2016г.*** и тоа кај следните групи на болести:

- Неоплазмите  за 15,1%;
- Болести на крвта и крвотворните органи за 7%;
- Ендокрини, нутритивни и метаболични болести за 25,3%;
- Душевни растројства и растројства во обноските за 57,3%;
- Болести на нервниот систем за 14%;
- Болести на окото и на аднексите за 17,5%;
- Болести на увото и на мастоидниот израсток за 26%;
- Болести на циркулаторен систем за 26,4%;
- Болести на дигестивен систем за 1%;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 29,6%;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 6%;
- Болести на генитоуринарен систем за 18%;
- Конгенитални малформации за 49,8% и
- Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 13,1%.

Кај сите останати групи на болести се забележува ***намалување на бројот на остварените болнички денови и тоа кај:***

- Одредени инфективни и паразитски болести за 0,3%;
- Болести на респираторниот систем за 5,7% и
- Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период за 24,1%.

Табела 4
Дијаграми 6, 7 и 8

Дијаграм 6




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 7

**Структура на остварени болнички денови според групи на болести во Р.М., 2016**




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 8

**Структура на остварени болнички денови според групи на болести во Р.М., 2017**




Извор: ИЈЗ на РМ

2.4.1. ***Зголемување на просечното траење на лекување*** во 2017 г. на 9.7 од 7.6 дена во 2016 година и тоа кај следните групи на болести:

- Одредени инфективни и паразитски болести за 1,4 дена;
- Неоплазмите  за 1,5 дена;
- Болести на крвта и крвотворните органи за 0,9 дена;
- Ендокрини,нутритивнии метаболични болести за 1,3 дена;
- Душевни растројстваирастројства вобноските за 73,2 дена;
- Болести на нервниот систем за 1,9 дена;
- Болести на окото и на аднексите за 0,5 дена;
- Болести на циркулаторен систем за 0,8 дена;
- Болести на респираторниот систем за 0,1 ден;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 1,7 дена;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 0,9 дена;
- Болести на генитоуринарен систем за 0,9 дена;
- Конгениталните малформации за 2,8 дена и кај
- Повреда, труење и други одредени последици за 0,8 дена;

Кај сите други останати групи на болести се забележува намалување на просечното траење на лекување во 2017 во однос на 2016 година.

Дијаграми 9, 10 и 11

Дијаграм 9




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 10




Извор: ИЈЗ на РМ

- највисоко просечното траење на лекување во 2012 година, а најниско во 2016 година
- се забележува перманентен тренд на опаѓање во периодот од 2007 до 2011 година со прекин во 2012 и повторно опаѓање во 2014 и 2016 година

Дијаграм 11

Просечно траење на лекување во денови, по групи на болести во Р.М., 2016 и 2017




| | Душевни растројства | Болести на крвта и крвотворните органи | Неоплазми | Болести на нервниот систем | Болести на мускулно-скелетен с-ем | Инфективни и паразитски болести | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | Болести на циркулаторниот с-ем | Одредени состојби во перинателен период | Болести на респираторен с-ем | Болести на генитоуринарен с-ем | Болести на дигестивен с-ем | Повреда,труење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 41,6 | 13,8 | 12,7 | 10,6 | 9,8 | 9,3 | 5,7 | 6,3 | 9,5 | 6,2 | 5,1 | 4,9 | 6,5 |
| 2017 | 114,8 | 14,7 | 14,2 | 12,5 | 10,7 | 10,7 | 7 | 7,1 | 8,7 | 6,3 | 6 | 4,5 | 7,3 |

Извор: ИЈЗ на РМ

- според групи на болести најдолго лекувани болни се од душевни растројства и во 2016 и во 2017 година

## 3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи

Според болнички здравствени организации во Република Македонија **во 2017г. најголем број на лекувани болни** 114 459, со најмногу остварени болнички денови од 572 435, и со просечен престој од 5 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 70 756 лекувани болни, со 427 705 остварени болнички денови и просечен престој од 6 дена.

На третото место во 2017г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 14 015 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина"-Скопје со 8 784 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 6 662 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 5 916 лекувани болни;Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 4 687 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 4 484 лекувани болни; Специјална болница за ортопедија и траматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; Невропсихијатриски болници; Специјални болници за градни болести и ТБЦ и т.н.

**Најголем број остварени болнички денови во 2017г. се забележуваат во општите болници,** потоа се **клиниките и институтите при Клиничкиот центар**; следат невропсихијатриските болници; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; центрите за рехабилитација; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје; Клиничка болница „Систина"-Скопје; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо"; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски "; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; и т.н.
222.3 дена изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2017г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 129.7 дена; болница за лекување со природен фактор со 25 дена; центрите за рехабилитација со 17,2 дена; Специјални болници за градни болести и ТБЦ со 9,7 Специјална болница за ортопедија и травматологија „Свети Еразмо" со 9,6 дена; и.т.н.

Табела 8

Според болнички здравствени организации во Република Македонија **во 2016г. најголем број на лекувани болни** 75 946, со најмногу остварени болнички денови од 385 006, и со просечен престој од 5,1 ден, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 66 755 лекувани болни, со 403 216 остварени болнички денови и просечен престој од 6 дена.

На третото место во 2016г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 14 887 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина"-Скопје со 8 800 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 6 931 лекувани болни; Општа болница РЕ-МЕДИКА Скопје со 6 411 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 5 595 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје со 5 197 лекувани болни; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо"; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; Специјални болници за градни болести и ТБЦ и т.н.
**Најголем број остварени болнички денови во 2016г. се забележуваат во клиниките и институтите при Клиничкиот центар,** потоа се **општите болници**;

следат невропсихијатриските болници;клиничките болници; центрите за рехабилитација; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"- Скопје; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо"; Клиничка болница „Систина"-Скопје; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски "; Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори"; Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Мајка Тереза-Скопје и т.н.

198.8 дена изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2016г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 123.5 дена; болница за лекување со природен фактор со 21,1 дена; центрите за рехабилитација со 15,8 дена; Специјална болница за ортопедија и травматологија „Свети Еразмо" со 12,4 дена; Специјални болници заградни болести и ТБЦ со 10,1 и.т.н.

Табела 9

## 4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според ***центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат*** во **2017г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 122 209 со Мб/10000 = 1952, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Охрид и нејзиното подрачје со 34 300 лекувани болни и морбидитет од 2260,6%оо; Битола со 31 277 лекувани болни и морбидитет од 1806.9%оо; Тетово со 19 303 лекувани болни и морбидитет од 601%оо; Велес со 15 928 лекувани болни и морбидитет од 853.8; Штип со 11 636 лекувани болни и Мб/10000 = 1158.7; Куманово со 9 469 лекувани болни и Мб/10000 = 537.4; Прилеп со 8 502 лекувани болни и морбидитет од 738.5%оо; Струмица со 6 820 лекувани болни и морбидитет од 639.5%оо и со најмал број на лекувани болни во 2017г. се регистрирани во Кочани 2 655 со морбидитет од 245.4 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 10

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според ***центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат*** во **2016г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 121 327 со Мб/10000 = 1969.8, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Битола и нејзиното подрачје со 30 209 лекувани болни и морбидитет од 1735%оо; Охрид со 26 382 лекувани болни и морбидитет од 1738.5%оо; Тетово со 20 157 лекувани болни и морбидитет од 631.9%оо; Велес со 16 760 лекувани болни и морбидитет од 892.5; Прилеп со 11 038 лекувани болни и Мб/10000 = 950.5; Штип со 10 899 лекувани болни и Мб/10000 = 1083.5; Куманово со 9 855 лекувани болни и морбидитет од 559.9%оо; Струмица со 7 032 лекувани болни и морбидитет од 660.2%оо и со најмал број на лекувани болни во 2016г. се регистрирани во Кочани 3 606 со морбидитет од 328.7 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 11

# СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 И 2017 ГОДИНА

## *I група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (шифра A00 - B99)*

***Инфективните и паразитските болести*** се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на тринаесеттото место и во двете години (2016 и 2017 година) во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во 2017 година.
Бројот на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност од инфективни и паразитски болести во 2017г. се намалил за 13% во однос на 2016, т.е. од 5981 во 2016 на 5201 лекувани болни во 2017г.
Намален е бројот на остварени ***болнички денови*** за 0,3% во 2017 во однос на 2016г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е зголемено од 9.3 во 2016 на 10.7 денови во 2017 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 11 и 12
***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е намален на 25.1%оо од 28,9%оо во 2016г.

**Дијаграм 11**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 12**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M6/10000 | 38,2 | 50,2 | 46,3 | 41,6 | 41,5 | 42,4 | 37,5 | 32,2 | 28,9 | 28,9 | 25,1 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *II. група : НЕОПЛАЗМИ (шифра C00-D48)*

Социјално-медицинското значење на неоплазмите се истакнува во потполна мерка денес со оглед на порастот на инциденцата и преваленцата, особено на малигните неоплазми, кои се јавуваат како втора причина за смрт на населението во Република Македонија, после болести на циркулаторниот систем.
***Неоплазмите*** го заземаат третото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност и во двете години.

Бројот на ***лекувани болни*** во 2017г. е поголем за 2,8% во споредба со 2016г, т.е. од 28229 во 2016 на 29030 лекувани болни во 2017г
Зголемен е бројот на остварени ***болнички денови*** за 15,1% во 2017 во однос на 2016г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто така зголемено од 12.7 во 2016 на 14.2 дена во 2017 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 13 и 14
***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е зголемен на 139.9%оо од 136,4%оо во 2016г.

**Дијаграм 13**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 14**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ (шифра D50 - D89)*

Од болести на крвта и крвотворните органи и одредени болести што го зафаќаат имуниот систем регистрирани се поголем број на ***лекувани болни*** во 2017 во однос на 2016г., и тоа за 0,5%.
Зголемен е бројот на остварени ***болнички денови*** за 7% во 2017 во однос на 2016г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто така зголемено од 13.8 во 2016 на 17.7 дена во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 15 и 16
***Болничкиот морбидитет*** е зголемен од 20,8%оо во 2016 на 20,9%оо во 2017г.

Дијаграм 15




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 16




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 11,2 | 13,5 | 14,3 | 16,3 | 18,8 | 18,3 | 18,2 | 18,2 | 19 | 20,8 | 20,9 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ (шифра Е00 - Е90)*

Од ендокрини, нутритивни и метаболични болести регистрирани се поголем број на ***лекувани болни*** во 2017 во однос на 2016г., за 1,4%.

Зголемен е бројот на остварени ***болнички денови*** за 25.3% во 2017 во однос на 2016г.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е зголемено од 5.7 во 2016 на 7 денови во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 17 и 18

***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е зголемен на 26.1%оо од 25.8%оо во 2016г.

**Дијаграм 17**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 18**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ (шифра F00 - F99)*

Болестите од групата на душевни растројства и растројства во обноските на кои што влијаат се покомплексните околности на кои наидува човекот во животот, како и динамичноста во темпото и мултикаузалните системски фактори од материјалната сфера на општеството, се јавуваат се почесто без разлика на возраста.
Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на дванаесеттото место во 2017г., а биле на четиринаесеттото место во 2016г. во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност.
Од анализата на дадените години се забележува намалување на бројот на ***лекувани болни*** за 6.7% во 2017 во однос на 2016г; зголемување на бројот на ***остварени болнички денови*** за 57.3% во 2017 во однос на 2016г. и зголемување на бројот на денови на ***просечно траење на лекување*** на 114,8 дена во 2017 од 41,6 во 2016 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 19 и 20
***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е намален на 27,9%оо во однос на морбидитетот од 2016г., кога изнесувал 30%оо.

**Дијаграм 19**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 20**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 30,9 | 36,9 | 34,4 | 35,4 | 34,2 | 31,3 | 33,3 | 32,8 | 31,3 | 30 | 27,9 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *VI. група: БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (шифра G00 - G99)*

Бројот на ***лекувани болни*** од ***болести на нервниот систем*** во 2017г. се намалил за 3% во однос на 2016, т.е. од 5009 во 2016 на 4859 лекувани болни во 2017г.
Бројот на остварени ***болнички денови*** е зголемен за 14% во 2017 во однос на 2016г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е зголемено од 10.6 во 2016 на 12.5 дена во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 21 и 22
***Болничкиот морбидитет*** од болести на нервниот систем во 2017г. е намален и изнесува 23.4%оо, во однос на 2016г кога бил 24.2 %оо.

**Дијаграм 21**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 22**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *VII. група: БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ (шифра H00 - H59)*

Од болести на окото и на аднексите во 2017г. се ***лекувани*** 6958, а во 2016г. 8266 болни. (намалување за 15.8% во 2017 во однос на 2016г.)
Во 2017г. бројот на ***остварените болнички денови*** се зголемува за 17.5 индексни поени во однос на 2016г., а ***просечното траење на лекување*** по еден случај се зголемува на 1.7 дена во 2017 од 1.2 од 2016 г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 23 и 24

***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е намален на 33.5%оо во однос на морбидитетот од 2016г., кога изнесувал 39.9%оо.

Дијаграм 23




Извор: ИЈЗ на РМ

Дијаграм 24




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 22,9 | 26,6 | 29 | 26,3 | 23 | 20,9 | 29 | 37,1 | 31,7 | 39,9 | 33,5 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК (шифра H60 - H95)*

Болестите на увото и на мастоидниот израсток учествуваат со 1.1% во 2017г, а со 0,7% во 2016 година во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност во Република Македонија. Бројот на лекувани болни е зголемен за 51.2% во 2017 во однос на 2016г.

Во 2017г. бројот на ***остварените болнички денови*** се зголемува на 10466 во однос на 2016г - 8308, за 26%.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај се намалува на 3,9 дена во 2017 од 4,6 дена во 2016г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 25 и 26

***Болничкиот морбидитет*** во 2016г. е зголемен на 13.1%оо во однос на морбидитетот од 2016г., кога изнесувал 8.7%оо.

**Дијаграм 25**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 26**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 8,9 | 10,7 | 13 | 8,7 | 8,9 | 9 | 9,2 | 9,4 | 8,3 | 8,7 | 13,1 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ (шифра I00 - I99)*

Болестите на циркулаторниот систем повеќе од 20 години претставуваат голем социјално-медицински проблем во Република Македонија, за што говорат и податоците за бројот на лекуваните болни во болничко-стационарната дејност. Посебно негативна тенденција е зафатеноста на помладите возрасни групации, големиот број на остварени болнички денови, појавата на инвалидност, раното пензионирање, како и предвремeното умирање. Болестите од оваа група паѓаат на второто место во 2016 и 2017 година, а биле на првото од 2000 до 2005г во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во Република Македонија. Во вкупно регистрираните болести тие учествуваат со процентуалната застапеност од 15.1 во 2017, а со 13,1 во 2016 година.
Од болести на циркулаторен систем во 2017г. се лекувале 38056 болни, кои оствариле 268946 болнички денови, со просечното траење на лекување по еден случај од 7,1 ден.

Во 2017г. бројот на ***лекувани болни*** се зголемил за 12.9% во однос на 2016г. ***Остварените болнички денови*** се зголемени за 26.4%, а ***просечното траење на лекување по еден случај*** е зголемено од 6,3 дена во 2016 на 7,1 ден во 2017г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 27 и 28
***Болничкиот морбидитет*** во 2017г. е зголемен на 183.4%оо во однос на морбидитетот од 2016г. кога изнесувал 162.8%оо.

**Дијаграм 27**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 28**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 144,3 | 158,5 | 155,3 | 172,2 | 185,2 | 160,7 | 158,3 | 157,5 | 159,2 | 162,8 | 183,4 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ (шифра J00 - J99)*

Загадувањето на животната средина, посебно загадувањето на воздухот допринесува респираторните болести да се на првото место во морбидитетот на популацијата од 2006, а на второ до 2005г. со 17.1% учество во 2016 и 16.1% учество во 2017 година во вкупно лекуваните.

Во 2017г. од овие болести се ***лекувани*** 40544 болни кои се за 7.7% помалку во однос на лекуваните во 2016г., кои оствариле помал број ***болнички денови*** за 5.7% и помал ***болнички морбидитет*** од 195.4%оо во 2017г од 212.1%оо во 2016 година.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови се зголемува од 6.2 дена во 2016 на 6.3 дена во 2017 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 29 и 30

**Дијаграм 29**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 30**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■М6/10000 | 154,7 | 182 | 183,6 | 186,4 | 203,4 | 184,7 | 201,4 | 219,3 | 204,2 | 212,1 | 195,4 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ (шифра К00 - К93)*

Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на третото место до 2007 година, на четвртото место во 2010, 2011 и 2012 година, а на петтото во 2016 и 2017 година во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко - стационарната дејност.
Во вкупно регистрираните болести во 2017г. тие учествуваат со 9.7%.

Во 2017г. од овие болести се ***лекувани*** 24562 болни за 10.5% помалку во однос на 2016г., кои оствариле поголем број ***болнички денови*** во 2017 во однос на 2016 за 1% и повисок ***болнички морбидитет*** од 118.4%оо (107.4%оо во 2016г)

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е намалено на 4.5 дена во 2017 од 4.9 ден во 2016г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 31 и 32

**Дијаграм 31**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 32**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО (шифра L00 - L99)*

Од болестите на кожата и поткожното ткиво во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија во 2017г. се регистрирани помал број (4494) на случаи со поголем број (24832) на ***остварени болнички денови,*** и понисок ***морбидитет*** од 21.7%оо во однос на 2016г.

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко стационарната дејност во Републиката, ***лекуваните болни*** од овие болести се застапени со 1,8% во 2017, а со 1.9% во 2016 година во вкупниот морбидитет.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2017г е зголемено на 5.5 од 3.8 дена, колку што биле во 2016г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 33 и 34

**Дијаграм 33**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 34**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО (шифра M00 - M99)*

Појавата на болестите на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво се поврзани со продолжувањето на просечниот век на живеење и зголемувањето во постарите возрасни групи на населението.

Во 2016г. од болести на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво во болничко-стационарната дејност во Република Македонија се лекувани 11117 болни кои оствариле 109386 болнички денови, со просечно траење на лекување по еден случај од 9.8 дена.

Во 2017г. бројот на ***лекуваните болни*** е помал и изнесува 10799, со поголем број на ***остварени болнички денови*** од 115965 и помало ***просечно траење на лекување*** од 10,7 дена, во споредба со 9.8 дена во 2016 година.
Следејќи ја стапката на ***морбидитет*** во анализираниот период, се забележува опаѓање на 52.1%оо во 2017 од 53.7%оо во 2016 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 35 и 36

**Дијаграм 35**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 36**




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ (шифра N00 - N99)*

Болестите од оваа група во 2017 година покажуваат тренд на пораст во однос на 2016 година.

Бројот на ***лекувани болни*** во 2017г. е 25783 со ***остварени*** 154355 ***болнички денови,*** а во 2016г. се лекувани 25572 болни (за 0.8% повеќе во 2017), кои оствариле 130757 болнички денови (за 18% поголем број на болнички денови во 2017 во однос на 2016г.)

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2017г. е подолго и изнесува 6 дена, во однос на 2016 г. (5.1 ден).

***Стапката на морбидитет*** перманентно се зголемува од 63.9%оо во 2001г, на 91.6%оо во 2008 година. Во 2009 се забележува пад на стапката на 85.5%оо, за во 2011 и 2012 повторно да има пораст на 95.2%оо и 121.1%оо во 2014 година. Во 2015 година се забележува повторно опаѓање на морбидитетот на 118.3%оо, а во 2016г. повторен пораст на 123.5%оо и 124,3%оо во 2017 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 37 и 38

**Дијаграм 37**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 38**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 77,2 | 91,6 | 85,5 | 92,1 | 95,2 | 101,3 | 113,9 | 121,1 | 118,3 | 123,5 | 124,3 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ (шифра О00 - О99)*

Бројот на ***лекувани болни*** од групата на бременост, породување и пуерпериум во 2016г. изнесува 14640, а во 2017 - 14452 и е помал за 1.3 индексни поени во однос на 2016г.

Бројот на ***остварени болнички денови*** во 2016г. изнесува 47798, а просечното траење на лекување по еден случај 3.3 дена.

Во 2017г. бројот на остварените болнички денови се зголемува за 7.3% и изнесува 51300, а ***просечното траење на лекување*** по еден случај се зголемува на 3.5 дена.

***Стапката на морбидитетот*** во 2016г. е 283.3%оо, а во 2017г. се намалува на 282.9%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 39 и 40

**Дијаграм 39**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 40**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M6/10000 | 224,8 | 293,1 | 293,8 | 288,2 | 255,2 | 297,4 | 300,2 | 302,6 | 315,7 | 283,3 | 282,9 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД (шифра P00 - P96)*

Според податоците од болничките установи во Републиката во кои се остварува здравствената заштита на мајките и новороденчињата, во 2016г. ***лекувани*** се вкупно 933 случаи од одредени состојби настанати во перинаталниот период, а во 2017г. се лекувани 733 (за 17,1% помалку) случаи.

Во 2016г. овие болни оствариле 8887 ***болнички денови*** со просечно траење на лекување од 9.5 дена, а во 2017г. - 6749 болнички денови (за 24.1% помалку), и помало ***просечно траење на лекување*** од 8.7 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2001г. е 461.2%оо, во 2007г. е највисока 658.7%оо, а во 2013г.се намалува на 366.1%оо во однос на споменатите години. Во 2014 стапката на морбидитет се зголемува, во 2015 се намалува и изнесува 340.3%оо а во 2016 повторно се зголемува и изнесува 403.4%оо. Во 2017 пак се намалува и изнесува 348,8%оо.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 41 и 42

**Дијаграм 41**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 42**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 658,7 | 433,8 | 529 | 506,4 | 426,2 | 438,6 | 366,1 | 513,4 | 340,3 | 403,4 | 348,8 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## ***XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ (шифра Q00 - Q99)***

Конгениталните малформации, деформации и хромозомски ненормалности се група на болести и состојби, посебно значајни за анализа и проучување, од причина што нивното настанување е во директна врска со појавата на низа ендогени, односно тератогени фактори, но и егзогени фактори на надворешната средина (радиоактивно зрачење, хемиски агенси, вируси и друго).

Во 2016г. ***лекувани*** се вкупно 2188 случаи, а во 2017г 1900.

Во 2016г. овие болни оствариле 8328 ***болнички денови*** со ***просечно траење на лекување*** од 3.8 дена, а во 2017г. – 12472 болнички денови (за 49.8% повеќе), и подолго просечно траење на лекување од 6.6 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2017 година се намалува на 9.2%оо од 10.6%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 43 и 44

**Дијаграм 43**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 44**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 8,8 | 9,8 | 10,1 | 10 | 9,6 | 10,6 | 10,6 | 11,1 | 10,7 | 10,6 | 9,2 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО (шифра R00 - R99)*

Во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија групата на симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место во структурата на лекувани болни имаат поголема застапеност од 3.8% во споредба со 3.2% застапеноста во 2016г..

***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2016г. изнесува 40.2, а во 2017 година се зголемува на 45.9.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 45 и 46

**Дијаграм 45**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 46**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 21,8 | 25,2 | 22,1 | 26,4 | 26,1 | 27,8 | 29,5 | 36,6 | 34,8 | 40,2 | 45,9 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ (шифра S00 - T98)*

Современиот начин на живот, индустријализацијата и урбанизацијата, како и динамичното темпо на живеење се меѓу најчестите фактори за се поголемата застапеност на повредите во вкупната патологија на населението во Република Македонија.
Социјално - медицинското значење на оваа групација е големо заради потребата од ургентно згрижување во стационарните установи (пр. повредите во сообраќајни несреќи), високиот процент на појава на инвалидност и смртност, како и високите трошоци за лекување и рехабилитација.
Нивното учество во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко-стационарната дејност е скоро исто и изнесува 5.1% во 2016 и 5,2 % во 2017 година во вкупниот број на лекувани болни. Во 2016г се на седмото, а во 2017г на осмото место во структурата на вкупно лекуваните болни во оваа дејност.
Во 2016г. лекувани се вкупно 13005 случаи, а во 2017г. се лекувани 13049 (повеќе за 0,3%). Во 2016г. овие болни оствариле 84309 ***болнички денови со просечно траење на лекување*** од 6.5 дена, а во 2017г. - 95323 (повеќе за 13.1%) болнички денови и подолго просечно траење на лекување од 7.3 дена.
***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2016г. изнесувала 62.8, а во 2017 година се зголемува на 62.9.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 47 и 48

**Дијаграм 47**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 48**




Извор: ИЈЗ на РМ

## ***XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ (шифра Z00 - Z99)***

Во 2016г. во болничко-стационарната дејност од групата фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби се лекувани 11498 болни, а во 2017 - 13856 за 20.5% повеќе.

Во 2016г. овие ***болни*** оствариле вкупно 78837 ***болнички денови***, а во 2017 за 2.4% помалку; со ***просечно траење на лекување*** по еден случај од 6.9 дена во 2016, на 5.6 дена во 2017г.

***Стапката на морбидитет*** на 10000 жители од 55.5 во 2016 се зголемила на 66.8 во 2017 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 49 и 50

**Дијаграм 49**




Извор: ИЈЗ на РМ

**Дијаграм 50**




| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 23,9 | 35,4 | 45,1 | 38,5 | 40,9 | 44,7 | 45,9 | 46 | 50 | 55,5 | 66,8 |

Извор: ИЈЗ на РМ

# *ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Од извршената анализа на болничко - статистичкиот материјал за 2016 и 2017 година во врска со функционирањето на болничко-стационарната дејност во Република Македонија, а со цел за согледување на болничкиот морбидитет произлегуваат следните заклучоци, констатирани во 2017 во однос на 2016:

- **Бројот на лекуваните болни и болничкиот морбидитет се зголемени;**

- **Бројот на остварените болнички денови е зголемен;**

